Палата Др. Христо Татарчев, Плоштад ВМРО бр.1, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. : ++389 (0)2 3102 800, (0)2 3102 801

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
2017-03-30
12 2568/1

Коалиција за Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2016 год. предводена од ВМРО-ДПМНЕ
Бр. 02-469/1
27.03.2017 год.
СКОПЈЕ

**До:**

**Државен завод за ревизија**

**Државна комисија за спречување на корупцијата**

**Предмет: Допис известување**

Почитувани,

Врз основа на член 71 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016 и 142/2016) заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат, пред надлежниот орган задолжително обезбедуваат ЕДБ со назнака „за изборна кампања" и кај носител на платен промет во Република Македонија отвораат трансакциона сметка со назнака „за изборна кампања" и истите не може да се користат за друга намена.

Согласно ставот 9 на членот 71 сите средства наменети за финансирање на изборната кампања се уплатуваат на трансакционата сметка од ставот 1 на членот 71 и сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на таа сметка.

Во ставот 10 на истиот член се наведува дека отворената трансакциона сметка со назнака „за изборна кампања" се затвора во рок од три месеци од денот на објавувањето на конечните изборни резултати.

Согласно наведеното за да се пристапи кон затворање на оваа наменска трансакциона сметка од членот 71, став 1, од Изборниот законик потребно е најпрвин да се исполни условот согласно членот 86 ставот 4 односно Собранието на Република Македонија да донесе одлука за надоместокот на трошоци за избори кој врз основа на членот 86 став 3 се исплаќа од Буџетот на Република Македонија, најдоцна во рок од три месеци по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори.

Со оглед на тоа дека од страна на Собранието на Република Македонија не е донесена ваква одлука, а согласно членот 86, став 1 од Изборниот законик право на надоместок на трошоци за избори имаат учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани кандидатите за пратеници, односно во овој случај коалиција на партии, средствата од членот 86 став 3 се исплаќаат на наменската сметка од членот 71 став 1 на Изборниот законик. Поради евидентно постоење на законски празнини кои не го регулираат прашањето за неисполнување на условот од членот 86 став 4 од Изборниот законик, поради

Палата Др. Христо Татарчев, Плоштад ВМРО бр.1, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. : ++389 (0)2 3102 800, (0)2 3102 801

што се јавуваат проблеми при затворање на трансакционата сметка од членот 71 став 1 од Изборниот законик, Ве информираме дека не сме во можност да ја затвориме трансакционата сметка од членот 71 став 1 од Изборниот законик во рокот определен во ставот 10 на член 71 од Изборниот законик.
Горенаведеното е во насока настанатата фактичка состојба да биде земена во предвид при спроведување на ревизија.

Во прилог на овој допис, ви доставуваме и копие од известувањето на Државната изборна комисија доставено до политичката партија ВМРО-ДПМНЕ во врска со затворањето на трансакционите сметки од член 71 став 1 на Изборниот законик.

Воедно дозволете да ве информираме дека веднаш по затворањето на трансакционата сметка од член 71 став 1 од Изборниот законик, ќе постапиме согласно одредбата на член 85 став 1 од Изборниот законик односно најдоцна во рок 30 дена ќе го поднесеме вкупниот финансиски извештај за изборната кампања.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

За коалицијата за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ

Емил Димитриев

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број** 08 - 616/2
23 **. 03. 2017 година**
**С К О П Ј Е**

Коалиција за Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2016 год. предводена од ВМРО-ДПМНЕ
Бр. 06 - 467/1
24.03.2017 20___ год.
СКОПЈЕ

**До**

______________________________

______________________________

**ПРЕДМЕТ: ИНФОРМАЦИЈА**

Почитувани,

Ве информираме дека Државната изборна комисија на 22.03.2017 година го извести Собранието на Република Македонија, дека за да може да се изврши исплата на надоместоците за одржаните „Предвремени парламентарни избори, 11-ти декември 2016 година", е неопходно на учесниците во изборната кампања да им бидат активни трансакциските сметки, отворени за изборната кампања, во моментот кога Собранието на Република Македонија ќе ја донесе Одлуката за определување на надоместокот за трошоци.

Ова од причина што, согласно член 71 став (10) од Изборниот законик, трансакциските сметки на учесниците во изборната кампања со назнака за „изборна кампања", треба да се затворат во рок од три месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати, а Собранието на Република Македонија сеуште нема донесено одлука со која ќе го определи надоместокот за трошоците за изборите, во смисла на член 86 став (4) од Изборниот законик.

Со почит,

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**

***Во прилог:** Известување, бр. 08-616/1 од 22.03.2017 година*

*Изготвил: Д. Јанчев*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 08-616/1
22. 03. 2017 година
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 22. 03. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

ДО
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УЛ. 11 ОКТОМВРИ БР. 10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

Ве известуваме дека, согласно член 86 став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), Собранието на Република Македонија носи одлука со која го определува надоместокот за трошоците за изборите, врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори.

Висината на надоместокот изнесува 15 денари по добиен глас, при што надоместокот на трошоците за изборите се исплаќа од Буџетот на Република Македонија, најдоцна во рок од три месеци по поднесувањето на финансиските извештаи за изборната кампања.

Право на надоместок на трошоци за избори имаат учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани кандидати за пратеници, како и учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за пратеник, ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на изборната единица.

Трансакциските сметки на учесниците во изборната кампања, со назнака за „изборна кампања", согласно член 71 став 10 од Изборниот законик, се затвораат во рок од три месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати. Заклучокот за објавување на конечните резултати и распределба на мандати за избор на пратеници во Собранието на Република македонија, Државната изборна комисија го усвои на 28.12.2016 година.

Имајќи го предвид наведеното, Ве известуваме дека е потребно, трансакциските сметки на учесниците во изборната кампања да бидат активни во моментот кога Собранието на Република Македонија, согласно член 86 став 4 од Изборниот законик, ќе донесе Одлука за определување на надоместок за трошоци за изборите, за да може Државната изборна комисија да го исплати определениот надоместокот.

Со почит,

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Александар Чичаковски

**КОПИЈА ДОСТАВЕНА И ДО:**

- Учесниците во изборната кампања

*Изготвил: Н. Гацева*
*Б. Стојаноски*
*Контролирал: Б. Ризова*
*Одобрил: Д Јанчев*